Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
MINISTRIA E VETËQEVERISJES LOKALE
Бр.-Nr. 11-212/9
26.09.2024 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

**Министерство за локална самоуправа**

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24) како и врз основа на член 27 (3) (б) и член 37-44 и член 47(2) и член 51 (3) од ЕУ Регулативата 2021/1059 и член 10(3) од ЕУ Регулативата 2021/1529 со кои се регулираат условите за подобни трошоци за “Техничка помош за имплементација, управување и контрола на Интеррег (VI-A) ИПА прекуграничната програма помеѓу Република Грција и Република Северна Македонија”2021-2027 (CCI: 2021TC16IPCB009 ), министерот за локална самоуправа донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**за поништување на Решение 11-212/1 од 24.01.2024 година**

1. **РЕШЕНИЕТО** за започнување на постапка со јавен повик за прибирање понуди за изнајмување на деловен простор под закуп за потребите на Антена службата на Заедничкиот Секретаријат во рамките на ИНТЕРЕГ (VI-A) ИПА (III) Програмата за прекугранична соработка Р. Грција – Р.С. Македонија 2021-2027 (CCI: 2021TC16IPCB009), 11-212/1 од 24.01.2024 година **СЕ ПОНИШТУВА**.
2. **ПОСТАПКАТА** иницирана со решението 11-212/1 од 24.01.2024, како и решението 11-212/2 од 07.02.2024 година и пропратната документација со број 11-212/3 од 09.02.2024 година, 11-212/4 од 09.02.2024 година, 11-212/5 од 26.02.2024 година и 11-212/6 од 26.02.2024 година **СЕ ПОНИШТУВААТ**.
3. Решението стапува на сила на денот на неговото донесување.

**образложение**

На ден 24.01.2024 година, донесено е решение 11/212-1, врз основа на кое е иницирана постапка за прибирање на понуди за изнајмување на деловен простор, по пат на јавен повик, за потребите на Антена службата на Заедничкиот Секретаријат во рамките на ИНТЕРЕГ (VI-A) ИПА (III) Програмата за прекугранична соработка Р. Грција – Р.С. Македонија 2021-2027 (CCI: 2021TC16IPCB009).

Видно од списите во предметот, врз основа на предметното решение, донесено е решение за формирање на комисија за спроведување на евалуација 11-212/2 од 07.02.2024 година, одлука односно известување за поништување на тендерска постапка 11.212/3 од 09.02.2024 година и 11-212/4 од 09.02.2024 година, известување 11-212/5 од 26.02.2024 година и известување од 11-212/6 од 26.02.2024 година.

Имено, од содржината на известувањето 11-212/6 од 26.02.2024 година, произлегува дека договорните страни, се обврзани да потпишат договор во рок од 15 календарски дена, односно


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk

најдоцна до 06.03.2024 година. Од друга страна предвидено е дека договорот има ретроактивна важност и тоа од 01.01.2024 година.

Од списите во предметот, исто така произлегува дека договорните страни не пристапиле кон потпишување на договор заклучно до 06.03.2024 година.

Земајќи го во предвид горенаведеното, како и фактот дека се изминати роковите предвидени за потпишување на договорот за закуп, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Изработил: Јасмин Пепиќ
Контролирал: Вулнет Арифи
Одобрил: Стефан Вангелски
Согласен: Јулијана Павковска Боцевска

Министер за локална самоуправа
М-р Златко Перински

Доставено до:
- Кабинет на министерот за локална самоуправа;
- Архива на Министерство за локална самоуправа;
- Сектор за ЕУ


Министерство за локална самоуправа на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 325 3921
www.mls.gov.mk